АЛАТКА ЗА СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

МАПАС-СТАТ

ЕЛЕКТРОНСКИ ИНФОРМАТОР

# Е-МАПАС
# БР. 46

ЈУЛИ 2023 ГОДИНА

МАПАС
АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

# МАПАС-СТАТ - АЛАТКА ЗА СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

Во рамките на предвидените активности кон исполнување на стратегиската цел – Унапредување и одржување на стабилно и транспарентно капитално финансирано пензиско осигурување што ја има поддршката на членството и јавноста, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2022 година започна со активности за унапредување и дигитализирање на објавата и пристапот до податоците од капитално финансираното пензиско осигурување.

Од јуни 2023 година, статистичките податоци за капитално финансираното пензиско осигурување се достапни на јавноста и преку новата алатка за статистички податоци "МАПАС-СТАТ" којашто е поставена на интернет страницата на МАПАС. Оваа современа интерактивна алатка е овозможена преку Business Intelligence Tool – Metabase.

МАПАС-СТАТ

"МАПАС-СТАТ" обезбедува современ и едноставен пристап до податоците, можност за самостојно филтрирање на податоците, изготвување на временски серии, интерактивна визуелизација и преземање на податоците. Исто така со "МАПАС-СТАТ" се обезбедува зголемен обем и фрекфенцијата на објава на релевантните статистички податоци за учесниците, сите заинтересирани страни и пошироката јавност.

До алатката за статистички податоци пристапува преку следнава интернет-адреса:
МАПАС-СТАТ Алатка за статистички податоци

> Податоците се скапоцени и истите ќе траат подолго во споредба со самите системи.
>
> Tim Berners-Lee

> Податоците се алатка за поткрепување на интуицијата.
>
> Hilary Mason

“МАПАС-СТАТ ” содржи девет менија коишто овозможуваат пристап до податоци за:

- Вредност на сметководствена единица и нето средства
- Структура на инвестиции на пензиски фонд
- Вкупна структура на инвестиции на задолжителните пензиски фондови
- Вкупна структура на инвестиции на доброволните пензиски фондови
- Членство во задолжителен пензиски фонд
- Членство во доброволен пензиски фонд
- Придонеси во задолжителен пензиски фонд
- Придонеси во доброволен пензиски фонд
- Професионални пензиски шеми



**I** Преку менито Вредност на сметководствена единица и нето средства се овозможува пристап до податоци за вредноста на сметководствената единица и нето средствата на пензиските фондови, по фонд и за определен период на дневна основа. Податоците се прикажани во график и табела.



Табеларен приказ

Датум од: January 1, 2022 — Датум до: January 31, 2023 — Фонд

Табела - сметководствена единица и нето средства

| Назив на фонд | Датум | Вредност на сметководсствена единица | Нето средства |
|---|---|---|---|
| ВФП доброволен пензиски фонд | 31.1.2023 | 100.423043 | 24327097.781084 |
| КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд - Скопје | 31.1.2023 | 205.226315 | 1560278234.105654 |
| КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд - Скопје | 31.1.2023 | 250.811619 | 58793200157.155041 |
| Отворен доброволен пензиски фонд Сава пензија плус | 31.1.2023 | 210.184672 | 1536275491.162837 |
| Отворен задолжителен пензиски фонд Сава пензиски фонд | 31.1.2023 | 241.162973 | 52156215623.89512 |
| Триглав доброволен пензиски фонд | 31.1.2023 | 103.475783 | 8799086.163094 |
| Триглав задолжителен пензиски фонд | 31.1.2023 | 110.511944 | 5756637015.175507 |
| ВФП доброволен пензиски фонд | 30.1.2023 | 100.499637 | 23772920.887362 |
| КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд - Скопје | 30.1.2023 | 204.824966 | 1557178360.014285 |

Rows 1-9 of first 2000

- Задолжителни пензиски фондови

Почеток на работа на Отворен задолжителен пензиски фонд Сава пензиски фонд е 1.1.2006 година.
Почеток на работа на КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд – Скопје е 1.1.2006 година.
Почеток на работа на Триглав отворен задолжителен пензиски фонд – Скопје е 1.4.2019 година.

- Доброволни пензиски фондови

Почеток на работа на Отворен доброволен пензиски фонд Сава пензија плус е 15.7.2009 година.
Почеток на работа на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд - Скопје е 21.12.2009 година.
Почеток на работа на Триглав отворен доброволен пензиски фонд – Скопје е 1.3.2021 година.
Почеток на работа на ВФП отворен доброволен пензиски фонд – Скопје е 18.10.2022 година.




**II** Преку менито Структура на инвестиции на пензиски фонд се овозможува пристап до податоци за структурата на инвестиции на секој пензиски фонд поединечно (задолжителни и доброволни) по тип на инструмент, по потекло на издавач (домашни/странски) и по валута за определен датум. Податоците се прикажани во табела и графици.

- Структура на инвестиции по тип на инструмент – табела



МАПАС-СТАТ Алатка за статистички податоци

Вредност на сметководствена единица и нето средства

Структура на инвестиции на пензиски фонд

Структура на инвестиции | -- по тип на инструмент | -- домашни/странски | -- валутна структура

Структура на инвестиции на пензиски фондови

Избери датум: September 30, 2022 — Избери само еден фонд: САВА задолжителен

| Тип | Вредност (милиони денари) | Процент |
|---|---|---|
| Домашни | 31.304 | 63% |
| Акции од домашни издавачи | 1.886 | 4% |
| Обврзници од домашни издавачи | 29.417 | 59% |
| Инвестициски фондови од домашни издавачи | 1 | 0% |
| Краткорочни хартии од домашни издавачи | 0 | 0% |
| Странски | 14.235 | 29% |
| Акции од странски издавачи | 4.082 | 8% |
| Обврзници од странски издавачи | 502 | 1% |
| Инвестициски фондови од странски издавачи | 9.651 | 20% |
| Краткорочни хартии од странски издавачи | 0 | 0% |
| Вкупно вложувања во хартии од вредност | 45.539 | 92% |
| Депозити | 3.858 | 8% |
| Парични Средства | 19 | 0% |
| Побарувања | 66 | 0% |
| Вкупно средства | 49.482 | 100% |
| Вкупно обврски | 116 | 0% |
| Нето средства | 49.366 | 100% |

- Структура на инвестиции по тип на инструмент – график




- Структура на инвестиции по потекло на издавач (домашни/странски) – график



• Структура на инвестиции по валута - график




**III** Преку менито Вкупна структура на инвестиции на задолжителните пензиски фондови се овозможува пристап до податоци за вкупната структура на инвестиции на задолжителните пензиски фондови по тип на инструмент, по потекло на издавач (домашни/странски) и по валута за определен датум. Податоците се прикажани во табела и графици.

**IV** Преку менито Вкупна структура на инвестиции на доброволните пензиски фондови се овозможува пристап до податоци за вкупната структура на инвестиции на доброволните пензиски фондови по тип на инструмент, по потекло на издавач (домашни/странски) и по валута за определен датум. Податоците се прикажани во табела и графици.

**V** Преку менито Членство во задолжителен пензиски фонд се овозможува пристап до податоци за дистрибуција на членството во секој задолжителен пензиски фонд поединечно по тип на членство и дистрибуција на членството во втор столб по возраст и пол, за определен месец. Податоците се прикажани во графици.




**VI** Преку менито Членство во доброволен пензиски фонд се овозможува пристап до податоци за дистрибуција на членството во секој доброволен пензиски фонд поединечно по тип на членство и дистрибуција на членството во втор столб по возраст и пол, за определен месец. Податоците се прикажани во графици.







**VII** Преку менито Придонеси во задолжителен пензиски фонд се овозможува пристап до податоци за износот на уплатените придонеси во втор столб по фонд, месец и година. Податоците се прикажани во график.




**VIII** Преку менито Придонеси во доброволен пензиски фондсе овозможува пристап до податоци за износот на уплатените придонеси во трет столб по фонд, тип на сметка и година. Податоците се прикажани во график.




**IX** Преку менито Професионални пензиски шемисе овозможува пристап до податоци за бројот на професионални пензиски шеми и дистрибуција на професионалните пензиски шеми по фонд, за определен месец и година.

Насоки за филтрирање, прикажување и преземање на податоци од “МАПАС-СТАТ”.

Пример 1:







МАПАС-СТАТ Алатка за статистички податоци
ЧЕКОР 3
Вредност на сметководствена единица и нето средства
Структура на инвестиции на пензиски фонд
Структура на инвестиции
-- по тип на инструмент
-- домашни/странски
-- валутна структура
Структура на инвестиции по тип на инструмент
Избери датум
September 30, 2022
Избери само еден фонд
САВА задолжителен
30/9/2022
September 2022
Update filter
7,8%
19,5%
49.482
TOTAL
8,2%
59,5%


МАПАС-СТАТ Алатка за статистички податоци
ЧЕКОР 4
Вредност на сметководствена единица и нето средства
Структура на инвестиции на пензиски фонд
Структура на инвестиции
-- по тип на инструмент
-- домашни/странски
-- валутна структура
Структура на инвестиции по тип на инструмент
Избери датум
September 30, 2022
Избери само еден фонд
САВА задолжителен
Search the list
САВА задолжителен
ВФП доброволен
КБ доброволен
КБ задолжителен
САВА доброволен
Триглав доброволен
Триглав задолжителен
Update filter
Other
7,8%
19,5%
49.482
TOTAL
8,2%
59,5%
Powered by Metabase


МАПАС-СТАТ Алатка за статистички податоци
ЧЕКОР 5
Вредност на сметководствена единица и нето средства
Структура на инвестиции на пензиски фонд
Структура на инвестиции
-- по тип на инструмент
-- домашни/странски
-- валутна структура
Структура на инвестиции по тип на инструмент
Избери датум
September 30, 2022
Избери само еден фонд
САВА задолжителен
Акции од домашни издавачи
Обврзници од домашни издавачи
Акции од странски издавачи
Инвестициски фондови од странски издавачи
Депозити
Other
7,8%
19,5%
8,2%
Download full results
.csv
.xlsx
.json
.png
Powered by Metabase

## Пример 2:


МАПАС-СТАТ Алатка за статистички податоци
ЧЕКОР 1
Вредност на сметководствена единица и нето средства
Структура на инвестиции на пензиски фонд
Вкупна структура на инвестиции на задолжителните пензиски фондови
Вкупна структура на инвестиции на доброволните пензиски фондови
Членство во задолжителен пензиски фонд
Членство во доброволен пензиски фонд
Придонеси во задолжителен пензиски фонд
Придонеси во доброволен пензиски фонд
Професионални пензиски шеми


Придонеси во доброволен пензиски фонд
ЧЕКОР 2
Избери фонд
4 selections
Избери сметка
2 selections
Избери година
5 selections
Search the list
ВФП доброволен пензиски фонд
КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд - Скопје
Отворен доброволен пензиски фонд Сава пензија плус
Триглав доброволен пензиски фонд
Update filter
Уплата на доброволни придонеси_фонд
ВФП до...
КБ Прв отвор...
Отворен добро...
Триглав ...
Износ на придонеси (во милиони денари)
Година


Придонеси во доброволен пензиски фонд
ЧЕКОР 3
Избери фонд
4 selections
Избери сметка
2 selections
Избери година
5 selections
Search the list
individualna smetka
profesionalna smetka
Update filter
индивидуална сметка
Уплата на доброволни придонеси_фонд
ВФП до...
КБ Прв отвор...
Отворен добро...
Триглав ...
Износ на придонеси (во милиони денари)
Година







## Објавата на пондерот за времена распределба на осигурениците во задолжителни пензиски фондови

Исто така, од јуни 2023 година и објавата на пондерот за времена распределба на осигурениците во задолжителни пензиски фондови ќе се врши преку Metabase. На овој начин се овозможува современ и едноставен пристап до податоците за пондерот, можност за самостојно филтрирање на податоците, изготвување на временски серии, интерактивна визуелизација и преземање на податоците.

До објавата на пондерот за времена распределба на осигурениците во задолжителните пензиски фондови се пристапува преку следнава интернет-адреса: Пондер задолжителни пензиски фондови.

# МАПАС-СТАТ - АЛАТКА ЗА СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

Преку Пондер задолжителни пензиски фондови се овозможува пристап до податоци за вредноста на пондерот на задолжителните пензиските фондови, по фонд и за определен период на месечна основа. Податоците се прикажани во график и табела.




Преку оваа нова алатка “МАПАС-СТАТ”, којашто во иднина ќе се надоградува со нови податоци, МАПАС ќе продолжи навремено и редовно да објавува детални податоци за капитално финасираното пензиско осигурување истовремено обезбедувајќи транспарентност на капитално финансираното пензиско осигурување.

Со оглед на зголемената важност на капитално финансираното пензиско осигурување во вкупниот финансиски сектор, како и зголемувањето на бројот на субјекти врз кои МАПАС врши супервизија, МАПАС ќе продолжи да ги унапредува информациите што ги објавува како преку квалитативно и квантитативно унапредување на податоците така и преку овозможување на поедноставен пристап до овие податоци.

# НОВОСТИ

## МАПАС ОРГАНИЗИРАШЕ ТИМ-БИЛДИНГ ЗА СВОИТЕ ВРАБОТЕНИ

Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – МАПАС, постојано работи и е насочен кон градење на тимскиот дух, унапредување на заедничкото работење, како и мотивирање и градење на доверба во рамките на Агенцијата. За таа цел на 7-ми јуни МАПАС спроведе тим-билдинг во Матка во Скопје каде вработените во МАПАС активно и тимски учествуваа во различни активности и дружби. Како што и претходно е потврдено, таквите активности кај вработените придонесуваат кон поголема мотивација, подобра комуникација и поефективно заедничко делување во остварување на поставените цели и задачи.



## УЧЕСТВО НА ПРВАТА РЕГИОНАЛНА КОНФЕРЕНЦИЈА ОРГАНИЗИРАНА ОД СТРАНА НА АСОЦИЈАЦИЈАТА НА ПЕНЗИСКИ ДРУШТВА НА Р. АЛБАНИЈА

Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување учествуваше на првата регионална конференција организирана од страна на Асоцијацијата на пензиски друштва на Р. Албанија „Приватните пензии во фокус„. Главната цел на конференцијата беше анализа и дискусија на состојбите во пензискиот систем во Р. Албанија и потребата за негова реформа. На панелот за „Втор и трет столб од пензискиот систем„ од Агенцијата учествуваше Владо Георгиев, раководител на Сектор за инситуционална контрола.




ИМАТЕ ПРАШАЊА ИЛИ ПОПЛАКИ?
Јавете се во МАПАС или напишете порака на contact@mapas.mk

Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)
Славко Јаневски 100, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Тел: (02) 3224 229
www.mapas.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
MKC EN ISO 9001:2009

TÜV NORD
TÜV NORD CERT GmbH
ISO/IEC 27001